# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2025 ГОДИНА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Состојбата со говорот на омраза во првата половина од 2025

Хелсиншки комитет за човекови права

Скопје
септември 2025

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во првата половина од 2025 година, платформата govornaomraza.mk регистрираше висок број случаи на говор на омраза и вознемирувачки говор, при што најзастапени беа содржини насочени кон етничка и национална припадност, како и кон ЛГБТИК+ заедницата. Политичките настани, изборите и Парадата на гордоста дополнително го поттикнаа зголемувањето на навредливи и дискриминаторски содржини. Истовремено, проектот „Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза“ придонесе за градење институционални капацитети, зајакнување на граѓанското општество и изработка на клучни анализи и јавни политики. Овој бриф ги обединува наодите од мониторингот и резултатите од проектот за да понуди интегриран преглед и препораки за системски пристап кон справување со говорот на омраза.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Од јануари до јуни 2025 се регистрирани над 200 случаи на говор на омраза, со највисоки бројки во јануари (69) и февруари (74).
- Најчесто таргетирани се етничките и националните заедници, но во февруари и јуни беше забележан пораст на хомофобичен говор кон ЛГБТИК+ заедницата.
- Најголем дел од случаите се на социјалните мрежи, со недоволна модерација и санкционирање од страна на платформите.
- И покрај поднесените кривични пријави, Јавното обвинителство нема позитивни одлуки по предметите.

## Проектни резултати:

- Доделени грантови на пет граѓански организации за мониторинг и пријавување.
- Изработени 12 документи за јавни политики врз основа на 3.000 пријави за говор на омраза.
- Изготвени две анализи за законски и институционални празнини, усогласени со европски стандарди.
- Спроведени обуки за 50 судии и јавни обвинители и 80 полициски службеници.
- Објавени 8 подкаст епизоди за говор на омраза.
- Со ФФМ, спроведена кампања „Игра без говор на омраза“ емитувана на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Вардар – ФК Струга Трим Лум на Националната арена Тодор Проески.

## Преглед на состојбата (јануари – јуни 2025)

Во јануари и февруари се регистрира зголемен број на пријави, пред сè поради етнички и национални тензии, како и хомофобични пораки инспирирани од политички наративи. Во март и април бројот на случаи се намали, но тие беа дополнително поттикнати од спортски настани и јавни протести. Во мај повторно доминираше говорот на омраза по национална и етничка основа, а во јуни, за време на Парадата на гордоста, се појави нов бран на хомофобични содржини со повици на насилство.

Иако Хелсиншкиот комитет поднесе кривични пријави за повици на насилство врз основа на етничка и сексуална припадност, Јавното обвинителство не донесе позитивни одлуки, што ја истакнува слабата институционална реакција.

# Заклучок

Говорот на омраза во Северна Македонија останува сериозен предизвик, најчесто насочен кон етничките заедници и ЛГБТИК+ луѓето. Политичките настани и изборите дополнително ја зголемуваат веројатноста за вакви содржини. Иако постојат позитивни иницијативи за градење на капацитети, институционалниот одговор останува недоволен и несоодветен. Граѓанското општество игра клучна улога во мониторингот и застапувањето, но без соодветна поддршка и соработка со институциите резултатите остануваат ограничени.

# ПРЕПОРАКИ

- Засилена модерација на социјалните мрежи преку соработка со платформите за санкционирање и отстранување на говор на омраза.
- Законски измени за транспарентност за овозможување пристап на институциите до податоците на сторителите.
- Построги санкции за говор на омраза врз основа на етничка и национална припадност, особено за време на изборни процеси.
- Мониторинг на политичките актери и обврска за осуда на говорот на омраза во кампањите.
- Заштита на ЛГБТИК+ заедницата преку специјализирани механизми за пријавување и поддршка на жртвите.
- Зголемена отчетност на обвинителството преку редовно објавување на статистики за решени случаи.
- Меѓународна соработка за применување на добри практики и усогласување со европските стандарди.
- Континуирана поддршка на граѓанските организации преку грантови и партнерства за мониторинг и застапување.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА